РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë, Minerave dhe Burimeve Minerale
Бр.Nr 02-1656/1
04.12.2024 год.viti
Скопје-Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
Бр. 0307-886/1
05.12.2024 год.
ШТИП

**Република Северна Македонија**

Министерство за Енергетика, Рударство и Минерални Суровини

*Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, со седиште на ул. „Крсте Мисирков" бр.10 А (во натамошниот текст Универзитетот) претставуван од Ректорот проф. д-р Дејан Мираковски и Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини (во натамошниот текст Министерство), застапувано од Министерот Сања Божиновска со седиште на ул. „Илинденска" бр.2 Скопје на ден 4.12.2024 година склучија:*

# М Е М О Р А Н Д У М
## за соработка

### ПРЕДМЕТ НА МЕМОРАНДУМОТ

**Член 1**

*Универзитет „Гоце Делчев" – Штип и Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини (во понатамошниот текст: „Потписници"), согласно заедничката заложба за унапредување на образованието на младите во Р. Северна Македонија во областа на енергетиката, рударството и минералните суровини, унапредување на законската регулатива во областа енергетика, рударството и минералните суровини како и поддршка на заеднички апликативни проекти од оваа област, го склучија овој Меморандум за соработка.*

**Член 2**

*Со овој Меморандум се регулираат меѓусебната соработка и координација помеѓу Универзитет „Гоце Делчев" – Штип и Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини.*

### ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ПОТПИСНИЦИТЕ

**Член 3**

*Соработката помеѓу потписниците на овој Меморандум ќе се одвива во рамки на законските надлежности на двете страни, а се состои во следното:*

- *Заедничко унапредување на законската регулатива во областа енергетика, рударство и минерални суровини*
- *Заедничко аплицирање на проекти од интерес на двете договорни страни, кои се однесуваат на развој и примена на нови технологии во областа енергетика, рударство и минерални суровини;*

- *Обезбедување услови за презентација и пренос на знаење од двете договорни страна за теми од значење за двете договорни страни а, со цел унапредување на постоечките технологии.*
- *Ангажирање на стручен кадар од редот на редовните професори, вонредните професори, доцентите, асистентите и демонстраторите на Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, заради подготовка на експертизи потребни во работењето на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на Република Северна Македонија;*
- *Соработка во организирање на конференции, семинари, работилници и тркалезни маси;*
- *Овозможување на практикантска работа во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на Република Северна Македонија за студентите на прв и втор циклус на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, заради помош во спроведување на секојдневните активности на Министерството, во текот на летниот период или во текот на една календарска година, во зависност од потребите на Министерството, при што максималното времетраење на практикантската работа се определува согласно позитивните законски прописи со кои се уредува практикантската работа;*
- *Соработка во делот на подготовка, понуда и насочување кон избор на можни теми за изготвување на практични/апликативни магистерски и докторски тези на теми кои се релевантни за развој и унапредување на секторот Енергетика, рударство и минерални суровини;*
- *Други области на кои ќе се согласат потписниците.*

**Член 4**

*Потписниците во рамки на меѓусебната соработка за потребите од организација на обуки и други активности ќе вршат размена на предавачи, искуства и знаења, вклучително и користење на просторните капацитети на страните потписнички.*

**КОМУНИКАЦИЈА**

**Член 5**

*Целокупната комуникација во однос на имплементација на активностите договорени со овој Меморандум ќе биде следена и развивана од следните лица за контакт:*

*За Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на Република Северна Македонија:*

- *Име и презиме: Сања Божиновска*
- *Позиција: Министер за енергетика, рударство и минерални суровини*
- *E - mail: sanja.bozinovska@energy.gov.mk*

*За Универзитетот „ Гоце Делчев " – Штип:*

- *Име и презиме: проф. д-р Дејан Мираковски*
- *Позиција: Ректор на Универзитет „ Гоце Делчев " - Штип*
- *Тел: 075/497 925*
- *E - mail: dejan.mirakovski@ugd.edu.mk*

*Целокупната имплементација на активностите договорени во овој Меморандум ќе биде следена и поддржана од именуваните лица за контакт.*

**РЕШАВАЊЕ КОНФЛИКТИ**

**Член 6**

*Потписниците ќе го применуваат овој Меморандум во духот на меѓусебно разбирање и соработка и взаемно ќе се информираат за сите состојби кои можат да ја доведат во прашање целосната и навремена примена на Меморандумот.*

*Страните потписнички се согласни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализацијата на овој Меморандум.*

**Член 7**

*Овој Меморандум за соработка може да се измени со писмен договор меѓу двете страни. Секој од потписниците може да го раскине истиот по истекот на еден месец, откако по писмен пат ја известил другата страна за раскинувањето.*

**Член 8**

*Договорните страни се обврзуваат да обезбедат доверливост и сигурност на податоците кои се идентификувани како деловна тајна и да ги преземат сите организациско - технички мерки за обезбедување и чување на личните податоци согласно одредбите од Законот за заштита на лични податоци.*

*Како деловна тајна согласно овој меморандум се сметаат:*

- *сите податоци за вработените, просториите и средствата на двете договорни страни /како и да се дефинирани во меморандумот;*
- *сите податоци на студентите;*
- *настани кои се случиле кај двете договорни страни;*
- *податоци кои би можеле да ја компромитираат во јавноста која било од двете договорни страни.*

*По завршување на важноста на овој Меморандум одредбата за чување на деловната тајна и понатаму останува во важност.*

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 9**

*Меморандумот е составен во 4 (четири) идентични примероци, од кои по 2 (два) за секоја страна потписник.*

**Член 10**

*Овој Меморандум ќе влезе во сила од денот на неговото потпишување и ќе важи на неопределено време.*

*Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини*

*Министер,*

*Сања Божиновска*

*Универзитет „Гоце Делчев“*

*Ректор,*

*Проф. д-р Дејан Мираковски*